ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

***Број: 02 - 19764/2***
***07.12.2007 година***
***С к о п ј е***

### ***ЗАПИСНИК***
### ***од XXIII -та седница на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 07.12.2007 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии*
- *Маја Чемерикиќ, помошник на директорот за фармација*

* *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за човечки ресурски*
* *Стојан Петрески, началник на одделението за имотно правни односи*
* *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*На седницата при разгледувањето на точката 3 од дневниот ред присуствуваше и Дијана Никодијевиќ, претседател на Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*Претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Утврди дека на седницата присуствуваат четири члена на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Потоа го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од **XXII** седница на Управниот одбор одржана на 30.11.2007*

1. *Предлог - Одлука за утврдување на критериуми за утврдување на надоместокот за обезбедени здравствени услуги на осигурените лица во здравствените установи од специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита;*
2. *Пречистување на дел од техничките грешки во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Известување за употребата на лекот Pegasis;*
4. *Информација од претседателот на Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со мислење од директорот на секторот за фармација во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
5. *Заклучок за упатување на барањата за измени во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на Комисијата за позитивна листа;*
6. *Барање за прогласување за рурално на подрачјето на село Броштица - Дебар и село Герман - Крива Паланка*
7. *Расправа за појавата субјекти кои имаат договор за давање на здравствени услуги на осигуреници на Фондот да не плаќаат придонес на вистинскиот износ на платата. Во врска со тоа да се изврши финансиска контрола од страна на Фондот како и да се побара контрола да изврши и Министерството за финансии*
8. *Разно*

*Страшо Наумоски предложи точката 1 да се симне од дневниот ред. Наведе дека предложената одлука регулира важен сегмент од работењето на здравствените установи од специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита па затоа е потребно подолго време за нејзино проучување и завземање став во рамките на Лекарската комора а потоа и усогласување со Министерството за здравство и Фондот.*

*Љубиша Каранфиловски наведе дека критериумите предложени во предлог одлуката главно се базираат на историски податоци за работењето на здравствените установи. Историските податоци пак водат кон утврдување на повисок или понизок буџет а тешко доведуваат до добивање на реален буџет.*

*Ромела Поповиќ Трајкова додаде дека во предлог одлуката за првпат освен историски податоци како критериум за определување на буџетите на здравствените установи се воведува и критериумот ефикасност во финансиското работење на установата на што постојано се инсистира на седниците на Управниот одбор. Инаку, и од Министерството за здравство се бара одлагање на донесувањето на оваа одлука заради воведување на ДРГ системот за определување на буџетите.*

*По ова, членовите на Управниот одбор едногласно одлучија оваа точка да се симне од дневниот ред.*

*Ромела Поповиќ Трајкова предложи дневниот ред на седницата да се дополни со следните точки:*

- *Дискусија за заклучокот на Управниот одбор од 13 седница за несклучување договори со лекарите кои исполнуваат услови за старосна пензија како и за престанување на важењето на договорите со лекарите кои ги исполниле условите за пензионирање;*
- *Барање од ПЗУ "Протетика - Про" од Гостивар со Информација од извршената контрола во оваа здравствена установа;*
- *Барање за откуп на побарување на Фондот во АД ЗИК „Лозаро Овоштарство и преработка" - во стечај*
- *Список на лекови кои треба да се иземат од вредноста на износот за остварување на целите*

*Членовите на Управниот одбор ги прифатија предложените дополнувања, по што го усвоија следниот*

***Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

1. *Пречистување на дел од техничките грешки во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Известување за употребата на лекот Pegasis;*
3. *Информација од претседателот на Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со мислење од директорот на секторот за фармација во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Заклучок за упатување на барањата за измени во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на Комисијата за позитивна листа;*
5. *Барање за прогласување за рурално на подрачјето на село Броштица - Дебар и село Герман - Крива Паланка;*

6. *Расправа за појавата субјекти кои имаат договор за давање на здравствени услуги на осигуреници на Фондот да не плаќаат придонес на вистинскиот износ на платата. Во врска со тоа да се изврши финансиска контрола од страна на Фондот како и да се побара контрола да изврши и Министерството за финансии;*
7. *Разно*

   7.1 *Дискусија за заклучокот на Управниот одбор од 13 седница за несклучување договори со лекарите кои исполнуваат услови за старосна пензија како и за престанување на важењето на договорите со лекарите кои ги исполниле условите за пензионирање;*
   7.2 *Барање од ПЗУ "Протетика - Про" од Гостивар со Информација од извршената контрола во оваа здравствена установа;*
   7.3 *Барање за откуп на побарување на Фондот во АД ЗИК „Лозаро Овоштарство и преработка" - во стечај;*
   7.4 *Список на лекови кои треба да се изземат од вредноста на износот за остварување на целите*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од **XXII** седница на Управниот одбор одржана на 30.11.2007*

*Страшо Наумоски побара во делот од записникот кој се однесува на предлозите за проширување на дневниот ред, да се внесе неговиот предлог дневниот ред да се прошири со предлог измена на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување. Предлогот беше во смисла на бришење на зборот „најблиската" пред зборовите „здравствена установа која врши соодветна болничка здравствена заштита" а предлогот за ставање на дневен ред не беше прифатен.*

*Исто така, побара записникот во точката 11 да се коригира во делот на излагањето на Стојан Петрески каде е пренесено дека не е пристигнато мислење од Лекарската комора. Треба да се изврши корекција од причина што мислењето го доставил лично пред почетокот на седницата.*

*Љубиша Каранфиловски побара неговата дискусија по точка 1 да биде коригирана така што на крајот од излагањето, наместо „три години" да стои „пет години".*

*Борис Јосифовски побара кај дискусијата под точка 5 по Кварталниот извештај за работењето на ФЗОМ да се внесе неговото барање на објаснување за намалувањето на долговите на Фондот.*

- *Со овие забелешки, Управниот одбор едногласно го усвои записникот од **XXII** седница на Управниот одбор одржана на 30.11.2007*

***ТОЧКА 1-*** *Пречистување на дел од техничките грешки во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Објаснување по оваа точка даде Маја Чемерикиќ. Таа објасни дека во Листата постојат технички грешки кои во текот на подоцнежната тендерска постапка за набавка на лекови се увидени од решенијата за регистрација на некои од лековите што беа предмет на набавка. Додаде дека АТЦ класификацијата на Светската здравствена организација е жива материја и дека е можно да се појават вакви неусогласености. На други места во Листата се увидени грешки во печатењето, па е потребно тие да се коригираат како не би предизвикувале забуни. Со коригирањето на техничките грешки ќе се спречи и настанување на проблеми во тендерската постапка.*

*Страшо Наумоски во врска со оваа точка предложи Фондот да издаде публикација за запознавање на лекарите со Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, односно со лековите и нивните цени. Таква публикација била издадена во 2005 година и со нејзиното ново издание ќе се избегне лекарите да бидат казнувани за неправилно работење при издавањето на лекови.*

*Маја Чемерикиќ се согласи дека тоа е добар предлог.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за исправање на техничките грешки во Листата на лекови***
***кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување***
***на Македонија***

***ТОЧКА 2-*** *Известување за употребата на лекот Pegasis*

*Маја Чемерикиќ објасни дека во врска со употребата на овој лек, во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија стои одредба: „да се апплицира на инфективна клиника“. Стручната служба на Фондот утврди дека оваа одредба им причинува проблеми на пациентите кои не живеат во Скопје. Сметаме дека оваа клиниика треба да биде надлежна за следење на третманот со овој лек без притоа пациентите да патуваат во Скопје. Во таа смисла предлагам од претседателот на комисијата за ревидирање на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија да се побара коригирање на реченицата што предвидува апплицирање на инфективна клиника. До тогаш, проблемот ќе се реши со користење на образец со кој здравствените установи ќе доставуваат податоци до инфективна клиника.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:*** *До Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија да се упати предлог за изменување на одредбата во Листата на лекови кои*

*паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија која предвидува лекот Pegasis да се аплицира на инфективна клиника.*

***ТОЧКА 3-*** *Информација од претседателот на Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со мислење од директорот на секторот за фармација во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*По оваа точка, претседателот на Комисијата Дијана Никодијевиќ ја објасни информацијата доставена до Управниот одбор во месец октомври. Информацијата се однесува на забележани грешки кај четири препарати во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*По излагањето на Дијана Никодијевиќ, Маја Чемерикиќ го објасни ставот на фармацевтскиот сектор на Фондот по забележувањата на Комисијата. Наведе дека за лекот Pegasis Управниот одбор по претходната точка на дневниот ред одлучи да се упати предлог до Комисијата за изменување на одредбата во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија која предвидува лекот Pegasis да се аплицира на инфективна клиника. Во врска со барањето кај генериката топирамат таблети да се додаде и фармацевтскиот облик капсули, наведе дека не се приложени записникот бр. 4 од 16.04.2007 и записникот бр. 3 од 10.04.2007 година. За грешката во наведените индикации и начинот на препишување на пегинтерферон наведе дека не постои никаков доказа за точноста на предложените индикации кои се бара да се променат. На крајот, за писмото од Клиничкиот центар упатено до Комисијата укажа дека е јасно оти тоа не е упатено до Фондот туку до Комисијата па затоа само таму треба и да се разгледува.*

*По ова, Управниот одбор го усвои мислењето на фармацевтскиот сектор на Фондот.*

***ТОЧКА 4-*** *Заклучок за упатување на барањата за измени во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Маја Чемерикиќ објасни дека на адресата на Фондот често се упатуваат дописи наменети за Управниот одбор во кои се предлагаат измени, дополнувања, корекции и слично на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Согласно законските одредби, постапката за менување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија се иницира пред Комисијата за ревидирање и дополнување на листата. Заради објаснување на постапката Комисијата донесе Упатство во кое е објаснета постапката за изменување на Листата. Тоа би требало да ги расчисти нејаснотиите за во иднина а за веќе пристигнатите барања предлагаме, Упавниот одбор со заклучок да ги препрати до Комисијат. Станува збор за: Барање од Bayer d.o.o Претставништво Скопје, Барање од F. Hoffmann - La Roche Ltd Претставништво Скопје - од 28.09.2007, Барање од F. Hoffmann - La Roche Ltd*

*Претставништво Скопје - од 22.10.2007, Барање од Здружението на психијатри на РМ и Барање од Клиниката за гастроентерохепатологија.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:*** *Пристигнатите барања, и тоа: Барање од Bayer d.o.o Претставништво Скопје, Барање од F. Hoffmann - La Roche Ltd Претставништво Скопје - од 28.09.2007, Барање од F. Hoffmann - La Roche Ltd Претставништво Скопје - од 22.10.2007, Барање од Здружението на психијатри на РМ и Барање од Клиниката за гастроентерохепатологија се упатуваат до Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за  здравствено осигурување на Македонија*

***ТОЧКА 5-*** *Барање за прогласување за рурално на подрачјето на село Броштица - Дебар и село Герман - Крива Паланка*

*По оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор одлучи за овие барањ да се одлучува во пакет со останатите досега пристигнати барања за руралност, и тоа по утврдување на критериумите од страна на Владата на РМ.*

***ТОЧКА 6-*** *Расправа за појавата субјекти кои имаат договор за давање на здравствени услуги на осигуреници на Фондот да не плаќаат придонес на вистинскиот износ на платата. Во врска со тоа да се изврши финансиска контрола од страна на Фондот како и да се побара контрола да изврши и Министерството за финансии*

*Оваа точка беше ставена на дневниот ред на XXII  седница бо барање на Трајче Леов, но беше одложена за денешната седница.*

*Страшо Наумоски наведе дека проблемот е поширок од формулацијата на точката. Освен здравствени установи, и други обврзници за плаќање на придонес прикажуваат пониски плати од реално исплатените па на нив го плаќаат придонесот. На нереално прикажаната плата се пресметуваат и останатите придонеси како и обврските кон државата на име данок. Поради тоа, овој проблем не може да биде решен само со активноста на Фондот туку е потребна сеопфатна активност на надлежните државни органи.*

*Ромела Поповиќ Трајкова на членовите на Управниот одбор им објасни дека во тек е проект поддржан од Меѓународниот монетарен фонд за заедничка наплата на придонесите за здравствено осигурување, пензиско и инвалидско осигурување и придонесот за осигурување во случај на невработеност. Наплатата во иднина ќе се врши преку Фондот на ПИОМ, а за контрола на плаќањата веќе се подготвени екипи од контролори со претставници од наведените установи како и од УЈП кои контролата ќе ја вршат заеднички. Проектот предвидува заедничко и истовремено плаќање на придонесите најдоцна до петнаесетиот ден од месецот.*

***ТОЧКА 7-*** *Разно*

*7.1 Дискусија за заклучокот на Управниот одбор од 13 седница за несклучување договори со лекарите кои исполнуваат услови за старосна пензија како и за престанување на важењето на договорите со лекарите кои ги исполниле условите за пензионирање*

*По оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор одлучи Заклучокот да не се склучуваат договори со лекарите кои исполнуваат услови за старосна пензија како и за престанување на важењето на договорите со лекарите кои ги исполниле условите за пензионирање донесен на седницата од 04.05.2007 година, да важи и во 2008 година.*

*7.2 Барање од ПЗУ "Протетика - Про" од Гостивар со Информација од извршената контрола во оваа здравствена установа*

***Стојан Петрески*** *објасни дека оваа здравствена установа имала проблем со наплата на изработените забно протетички помагала од причина што Подрачната служба Гостивар во периодот јануари-март 2007 година не издавала потврди за овие помагала. Беше потребно да се утврди дали во тој период здравствената установа навистина вршела услуги. Сега како доказ се приложени изјави од осигуреници од кои несомнено се утврдува дека овие помагала биле изработени.*

*По ова, Управниот одбор едногласно одлучи: На ПЗУ "Протетика - Про" од Гостивар да и се платат фактурите за изработените помагала на осигурениците на Фондот.*

*7.3 Барање за откуп на побарување на Фондот во АД ЗИК „Лозаро Овоштарство и преработка" - во стечај*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека до Фондот е упатено барање за откуп на побарувањето на Фондот кон АД ЗИК „Лозаро Овоштарство и преработка" од Куманово над кое е отворена стечајна постапка. Понудата е доставена од INGLEWOOD CORPORATE HOLDINGS LIMITED преку нивниот полномошник, адвокат Гордана Гацева од Скопје. Понудувачот е подготвен да плати 39.150.000 денари што е повеќе од побарувањето на Фондот кон стечајниот должник. Поради тоа предложи Управниот одбор да ја прифати понудата која е несомнено во интерес на Фондот.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно одлучи побарувањето на Фондот кон АД ЗИК „Лозаро Овоштарство и преработка" Куманово - во стечај да се продаде на INGLEWOOD CORPORATE HOLDINGS LIMITED за цена од 39.150.000 денари.*

*7.4 Список на лекови кои треба да се изземат од вредноста на износот за остварување на целите.*

*Маја Чемерикиќ објасни дека некои лекови треба да се изземат од квотата за остварување на целите затоа што може да предизвикаат лекарите да избегнуваат пациенти со одредена дијагноза која значи потреба од препишување на поскапи лекови.*

*Страшо Наумоски праша дали се работи само за основните лекови или и за лековите за третман на компликации на болести кои се лекуваат по програмите за здравствена заштита донесени од Владата на РМ.*

*Маја Чемерикиќ објасни дека тоа се лекови за заболувања кои не се толку чести а кои се екстремно скапи.*

*По ова, Управниот одбор одлучи да се прифати Список на лекови кои треба да се изземат од вредноста на износот за остварување на целите.*

*По исцрпувањето на дневниот ред, Управниот одбор заврши со работа во 12.15 часот.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Аљбон Џемаили***